## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**10ти мај, 2010 година**

## <u>ЛИСАБОНСКИ ПРЕГЛЕД 2010</u>

**Светски економски форум**
**Република Македонија: 5-то место од 11 земји кои не се членки на ЕУ**




Според рангирањето од страна на Светскиот економски форум (World Economic Forum) во однос на спроведувањето на целите од Лисабонскиот договор за економски и структурни реформи, Република Македонија се наоѓа на петтото место, во група од 11 земји од источна Европа кои не се членки на ЕУ.

Според крајниот индекс, Црна Гора го завзема првото место со резултат од 4,19, а веднаш зад неа е Хрватска со 4,18. Македонија е на петтото место со 3,79, Србија на осмото место со 3,51, а на последното 11-то место е Босна и Херцеговина со 3,07. Република Македонија со 3,79 ја надминува Бугарија, која заедно со Романија се наоѓа на претпоследното, односно на последното место на ранг листата од ЕУ-27.

Во однос на ранг листата за информатичко општество, Република Македонија се наоѓа на 3-тото место со 3,96, а водечка во оваа област на реформи е Хрватска со 4,04. што се однесува до Иновациите и истражувањето и развојот, РМ се наоѓа на 7-мото место со 2,93, а последното, 11-то место во оваа област од земјите од регионот и припаѓа на Албанија со 2,52. Република Македонија се наоѓа на 5-тото место во реформите на финансиските услуги со 4,08, каде водечка е повторно Црна Гора со 4,74, веднаш после неа следат Турција со 4,39

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

на 2-ро место, Хрватска со 4,34 на 3-то место, Азербејџан со 4,13 на 4-то место, а на последното 11-то место се наоѓа Украина со 3,22. Во однос на претприемништвото, Република Македонија се наоѓа на 3-то место со 4,58 и воедно е водечка меѓу земјите од поранешна Југославија, додека водечкото 1-во место и припаѓа на Грузија со 5,01, а со најслаб резултат е Босна и Херцеговина со 3,28. што се однесува на социјалната инклузија, РМ се наоѓа на 9-то место со 3,39, а најдобри резултати во оваа област постигна Азербејџан со 4,50. Реформите во областа на одржливиот развој и го носат 6-то место на РМ со 3,33, каде водечка е Хрватска со 4,70, веднаш по неа доаѓа Црна Гора со 3,94, а насјлаба изведба има Босна и Херцеговина со 2,73.

Од извештајот може да се забележи дека најдобрата изведба сеуште како група ја имаат земјите од ЕУ-15 со коефициент од 5,12, кој се намалува кога истите се оценуваат во група со последните 12 земји кои пристапија во ЕУ во 2004 год., односно 2007 година и крајниот коефициент на ЕУ-27 под нивно влијание изнесува 4,81.

Светскиот економски форум за Европа што почнува на 10 мај во Брисел е поводот за изработката на оваа анализа. На овој форум ќе учествуваат 400 лидери на влади, компании, претставници на цивилни и академски организации од 40 земји.